На југо-западниот дел од ридот, веднаш над Охридското Езеро, се наоѓа црквата посветена на Свети Јован Богослов- Канео. Кога е таа изградена и живописана точно не се знае, но врз основа на еден документ , кој зборува за имотот на црквата, се претпоставува дека е создадена пред 1447 година.



Старата црква е во форма на впишан крст со правоаголна основа со тространа апсида на источната страна и октогонална купола. Значајно е да се каже дека кај оваа црква се постигнати хармонични облици во градбата и мошне успешно е декоративното

обликување на фасадите и кубето.




Архитектурата на оваа црква е значајна за проучување на средновековните споменици на културата. Прифатено е гледиштето дека градителот направил мошне успешен спој меѓу византиската и ерменската школа на градба.

